Врз основа на Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010, 135/2011 и 55/2016), Законот за спорт (Службен весник на РМ бр.29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и Службен весник на РСМ бр.52/19, 98/19, 244/19 и 53/2024) и Законот за рибарство и аквакултура (Сл. Весник на РСМ бр.64 од 19.03.2024 год), Македонската Риболовна Федерација на Собранието одржано на ден 15.12.2024 година, донесе:

МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 0101-128
15.12. 2024 год.
СКОПЈЕ

# СТАТУТ

## на Македонска Риболовна Федерација

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се регулираат следните односи на Македонската Риболовна Федерација:

- Име и седиште на федерацијата;
- Цели, задачи и дејност;
- Облици и начин на организирање и дејствување на федерацијата;
- Органи, избор и разрешување;
- Траење на мандатот на органите;
- Овластување и обврски на органите;
- Начинот на одлучување и функционирање на органите;
- Стекнување и располагање со имотот;
- Јавност во работењето и контролата;
- Организациони облици на здружување;
- Услови за пристапување(зачленување) и исклучување од федерацијата;
- Претставување и застапување на федерацијата;
- Донесување на акти и именување на комисии;
- Престанок на работа на федерацијата;
- Други односи утврдени со Закон и актот за основање.

**Член 2**

Македонската Риболовна Федерација е федерација на здруженија на спортски риболовци, рекреативни риболовци и други здруженија на граѓани од Македонија, кои се здружуваат заради остварување и усогласување на свои и заеднички интереси и заради вршење на активности, кои се стремеж кон збогатување на облиците на организирање и дејствување од областа на спортскиот и рекреативниот риболов, регулирано со овој Статут.

**Член 3**

Македонската Риболовна Федерација, како федерација на здруженија на граѓани, своите права, должности и одговорности ги остварува согласно Уставот, Законите и овој Статут.

**Член 4**

Името на федерацијата е: **Македонска Риболовна Федерација**, скратеното име е **МРФ** (во понатамошен текст МРФ).

**Член 5**

Седиштето на МРФ е во Скопје, на адреса: Булевар "Кочо Рацин" број 75.
МРФ делува на подрачјето на Република Македонија.

**Член 6**

МРФ е правно лице.
МРФ има свој печат и штембил.
МРФ има свое знаме и амблем.

Печатот е тркалезен и го содржи името: "Македонска Риболовна Федерација", а во средината се наоѓа амблемот на МРФ.

Штембилот на МРФ е правоаголен со текст идентичен на текстот од претходниот став.

Знамето е од платно со црвена боја и има форма на правоаголник во соодност на должината спрема ширината 1:2. На знамето во средината е поставен амблемот на федерацијата.

На горниот дел над амблемот стои испишано Македонска Риболовна Федерација со златни букви.

Амблемот на федерацијата претставува графички стилизирана уловена рипка во темно сина боја, во скок на десна страна. Рипката пресекува два бранови во светло сина боја. Во долниот дел се наоѓа кратенката МРФ во зелена боја.

Текстот на печатот, штембилот, знамето и амблемот е испишан на македонски јазик со кирилично писмо.

**Застапување по закон:**

**Член 7**

МРФ ја преставува и застапува Председателот, а во негово отсуство Генералниот секретар.

Претседателот на МРФ истовремено е претседател на Управниот одбор на федерацијата со потполна одговорност произлезена од законите.

**Статус на јавен интерес:**

**Член 8**

Работата на МРФ е јавна.
МРФ е организација со статус на јавен интерес.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на риболовните здруженија и клубови (во понатамошниот текст РЗК), со увид во спроведувањето на програмските задачи, со

поднесување на извештај за работа на органите и телата, за материјално-финансиското работење и друго.

Во МРФ можат да се здружат и други здруженија на граѓани за што одлука донесува Управниот одбор (во понатамошниот текст УО) на МРФ.

**Спречување судир на интереси**

**Член 9**

Службените лица, членовите на Управниот и Надзорниот одбор и членовите на другите комисии на МРФ, не смеат да ги злоупотребува информациите и податоците со кои располагаат при вршењето на својата должност како и да стекнуваат противправна (или противзаконска) добивка за себе или за блиски лица при остварувањето на своите активности во рамките на здружението.

Службено лице не може да биде член на Управниот и Надзорниот одбор на МРФ.

МРФ е должна да ги објавува финансовите извештаи на ВЕБ страната на МРФ.

## ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И НАЧИН НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

**Член 10**

Риболовните здруженија и клубови (РЗК) од Република Северна Македонија се здружени во МРФ заради остварување на пошироки заеднички интереси.

Цели, задачи и дејности на МРФ се :

- организирање на рекреативниот риболов во Македонија;
- организирање на спортскиот риболов во Македонија;
- организирано јакнење на РЗК, нивна меѓусебна соработка и омасовување на спортскиот и рекреативниот риболов;
- насочување и координирање во работата на РЗК;
- развивање и унапредување на рекреативниот и спортскиот риболов;
- зголемување на рибниот фонд;
- заштита на водите и рибите во нив;
- заштита и унапредување на животната средина;
- дава помош, соработува и врши контрола на терен во организирањето на спортскиот и рекреативниот риболов на своите членки;
- порибување на водите во Македонија;
- издавање легитимација за рекреативен риболов;
- издавање легитимација за спортски риболов;
- водење евиденција и статистика од обласата на рекреативниот риболов;
- водење евиденција и статистика од обласата на спортскиот риболов;
- соработка, помош и учество во производството на порибителен материјал со регистрирани репроцентри;
- соработка со други организации, органи и здруженија;
- едукација на младите во тајните на спортскиот и рекреативниот риболов;
- спроведување и остварување на политиката за развој на физичката култура и спортот во Македонија;
- утврдување и реализирање на систем за натпревари во спортски риболов;
- стимулирање за постигнување на врвни спортски резултати;

- унапредување на врвното спортување во спортски риболов заради репрезентирање на спортски натпревари на домашен и меѓународен план;
- организирање обука и испити за спортско риболовни судии;
- редовно и детално информирање на членките на федерацијата;
- издавање брошури и други стручно-информативни матерјали;
- изготвување и организирање на разни облици на стручно усовршување на спортски и рекреативните риболовци (семинари, советувања и друго);
- подготвување на програм и спроведување на семинар и курсеви за стручно дооспособување на рибочуварите;
- извршува и други цели и задачи од областа на спортскиот и рекреативниот риболов.
- задолжува, распределува и раздолжува дозволи за рекреативен риболов;
- врши контрола и заштита на риболовните подрачја кои не се доделени на користење.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА МРФ**

**Член 11**

МРФ за остварување на целите и задачите набележани во овој Статут се финансира од следните извори:

- наплатен надомест од издадените легитимации за рекреативен риболов;
- членарини од РЗК
- котизација за спроведување на семинари, курсеви и оспособувања;
- котизација за учество во систем на спортски натпревари;
- од буџетот на Р. Македонија;
- од издавачка дејност;
- донации, и други извори на средства.

**Член 12**

Користењето и располагањето со средствата на МРФ, добиени по основ на предходниот член, се врши на начин утврден со Закон и овој Статут.

**Член 13**

За користење и располагање со средствата одлучуваат органите на МРФ согласно надлежностите утврдени со овој Статут, со превземање мерки за економично користење на средствата.

**Член 14**

Контрола над спроведувањето на одредбите на овој Статут и контрола за наменско користење и располагање со средствата и приходите, врши Надзорниот одбор на МРФ.

**Член 15**

МРФ донесува годишен финансов план со кој се утврдуваат приходите и расходите.

Средствата добиени од други организации и заедници, се користат на начин утврден со Договор со тие организации.

Членовите на организацијата на спортските риболовци, имаат право да користат средства на МРФ, на начин и под услови утврдени со овој Статут и други општи акти на МРФ.

Наредбодатели за користење на средствата на МРФ и за севкупното материјално-финансиско работење, се Председателот и Генералниот секретар на УО на МРФ.

Користење на сметката на МРФ е со еден потпис од овластените лица.

Овластувањето го дава УО на МРФ.

Имотот на МРФ се состои од подвижен и неподвижен имот (зграда, постројки, опрема, инвентар и др.), парични средства и други имоти.

**ОРГАНИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ**

**Член 16**

Во МРФ може да членуваат здруженија регистрирани врз основа на Законот за зруженија и фондации, Законот за спорт и Законот за рибарство и аквакултура и тоа:

1. Здруженија кои се регистрирани за вршење на дејност спортски риболов и/или, рекреативен риболов;
2. Здруженија кои во своите програмски определби покрај другото се занимаваат и со рекреативен и со спортски риболов;
3. Трговски друштва кои се регистрирани да вршат дејност спорт-спортски риболов;
4. Вршители на туристичка дејност регистрирани за организирање на рекреативен риболов.

**Член 17**

МРФ е самостоен правен субјект со можност за здружување во Европската и Светската спортско риболовна федерација, а може да се здружува и во други Сојузи и Федерации и да соработува со меѓународни институции заради остварување на своите цели и задачи.

**Член 18**

Работата на МРФ се заснова врз демократски принцип.

Права и должности на членките на МРФ се:

- рамноправно да учествуваат во работата на МРФ;
- да ги усогласуваат своите ставови со другите членки;
- да предлагаат решенија од заеднички интерес;
- да предлагаат свои членови во органите на МРФ;
- да работат на развивање и унапредување на заедничките активности кои произлегуваат од Статутот, како и на програмските цели и задачи од усвоените Одлуки и заклучоци;
- да ги спроведуваат одребите од Статутот;

**Член 19**

За зачленување во федерацијата се поднесува писмено Барање.

Кон барањето се приложува:

- Статут;
- Решение за регистрација од централен регистар;
- Програма за работа;
- Основни податоци за контакт со ЗСР (место, адреса, телефон, факс и адреса за електронска пошта);
- Основни податоци за контакт со застапникот и на најмалку двајца членови на УО на барателот (име и презиме, функција, место на живеење, адреса, телефони, електронска адреса).

За здруженијата кои се регистрирани и за дејност спорт се доставува и Решение за вршење дејност спорт, издадено од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот (Агенција за млади и спорт).

УО на МРФ го разгледува барањето, носи одлука и писмено го известува подносителот на барањето.

Членувањето го верифицира (констатира), Собранието на МРФ на првата наредна седница.

**Член 20**

Рекреативен риболов може да врши лице кое поседува легитимација за рекреативен риболов, е член на риболовно здружение и поседува дозвола за рекреативен риболов.

Федерацијата издава Легитимација за рекреативен риболов преку рекреативните риболовни здруженија.

Риболовните здруженија вршат зачленување и издаваат членска книшка. Начинот на издавање на членската книшка и условите под кои се издава, се регулираат со одлука на УО на здружението.

Рекреативен риболовец може да биде член на повеќе риболовни здруженија, а правото да биде евидентиран во единствениот регистар на рекреативни риболовци го остварува од местото каде што е издадена легитимацијата за рекреативен риболов.

Бројот на членови на риболовни здруженија се дефинира преку бројот на издадени легитимации за рекреативен риболов.

**Член 21**

Спортски риболов може да врши лице кое поседува спортска легитимација и е член на спортско риболовно здружение.

Федерацијата издава Легитимација за спортски риболов преку спортско риболовните здруженија.

Спортско риболовните здруженија (клубови) вршат зачленување на спортистите.

Спортски риболовец може да биде член само на едно риболовно здружение за спортски риболов.

Образецот за легитимацијата за спортски риболов го пропишува Управниот одбор на МРФ.

**Член 22**

МРФ води евиденција на здруженијата кои се нејзини членки.

МРФ води и поединечна евиденција за сите членови на здруженијата.

Зачленувањето во МРФ, начинот на издавање на легитимации за рекреативен и спортски риболов, обрасците за водење на евиденција и слично, ќе ги пропише МРФ со свој акт.

**Член 23**

Сите членки на МРФ, здруженија на риболовци и поединци, плаќаат годишна членарина.

Поединците, рекреативни риболовци, својата членарина во МРФ ја регулираат со плаќање на надоместокот за Легитимацијата за рекреативен риболов.

Поединците, спортски риболовци, својата чланарина во МРФ ја регулираат со плаќање на надоместокот за Легитимацијата за спортски риболов.

Висината на членарината (надоместокот) за легитимацијата за рекреативен риболов ја одредува УО на МРФ со согласност на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Висината на членарината (надоместокот) за легитимацијата за спортски риболов за секоја категорија одделно ја одредува УО на МРФ

## Член 24

Две или повеќе здруженија, концесионери, можат да се договараат за начинот на користење на рибите од риболовните ревири или рекреативни зони чии корисници се.

Риболовната дозвола, согласно став 1 од овој член, ќе има важност на повеќе риболовни ревири или рекреативни зони, во зависност од склучените договори помеѓу концесионерите.

## Член 25

Висината на надоместокот на дозволата за рекреативен риболов ја утврдува концесионерот на рибите од определениот риболовен ревир или рекреативна зона, во согласност со важечките прописи.

## Член 26

На риболовните здруженија членството во МРФ им престанува поради:

- самоволно истапување од федерацијата со поднесување на писмено барање;
- со престанок на работа на РЗК по било кој основ;
- поради непочитување на Статутот и другите акти на МРФ;
- поради нередовно плаќање на членарина.

## Член 27

Одлука за престанок на членувањето на риболовните здруженија во МРФ, донесува УО на МРФ по сопствен или предлог на дисциплинската комисија на МРФ.

На одлуката на УО на МРФ здружението има право на жалба до Собранието на МРФ.

Собранието врши верификација на одлуката на првата наредна седница. Во случај одлуката на УО да не биде верификувана, здруженито останува член на МРФ.

## Член 28

Дозвола за рекреативен риболов, рекреативните риболовци добиваат од концесионерите на рибите од риболовните ревири и рекреативните зони, со плаќање на надоместок.

Концесионерот на рибите од риболовните ревири и рекреативни зони е должен да издаде дозвола за рекреативен риболов на лице кое поседува легитимација за рекреативен риболов, на негово барање.

## Член 29

Членувањето на спортско-риболовните судии во МРФ, е регулирано со посебен правилник.

## ОРГАНИ НА МРФ

## Член 30

Органи на МРФ се:

- Собрание
- Управен одбор (во понатамошниот текст УО) и
- Надзорен одбор

**Собрание:**

**Член 31**

Највисок орган на МРФ е Собранието.

Собранието се конституира врз демократски принцип од претставници на членките на МРФ.

Бројот на претставници (делегати) од секоја членка на МРФ се одредува врз основа на бројот на членови во здружението заведени во единствениот регистер на рекреативните риболовци, од година што претходи на Собранието.

Секоја членка на МРФ, која има до 250 члена, има право на еден делегат.

Брајот на делегати на членките кои имаат повеќе од 250 члена се определува со делење на бројот на членовите со бројка 250. Секоја децимална бројка, над целиот број, определува уште еден делегат.

Мандатот на претставниците во Собранието трае до наредното редовно собрание.

За вонредно Собрание трае мандатот на делегатите од претходното редовно Собрание.

**Член 32**

Седница на Собрание може да биде:

- годишна
- изборна - конститутивна и
- вонредна.

Годишната седница на Собранието се одржува секоја година.

Изборна-конститутивна седница се одржува секоја четврта година.

Вонредна седница се одржува по потреба.

**Член 33**

Собранието избира УО од редовите на вкупното членство во МРФ.

Во УО можат да бидат вклучени и други членови, најмногу до 4 члена, кои не се членови во МРФ, на предлог на претседателот или членовите на УО.

Одлука за дополнување на УО се носи на седница на УО на МРФ.

Собранието избира Председател на МРФ кој е истовремено и претседател на УО.

Мандатот на членовите на УО и Претседателот трае 4 (четири) години.

**Член 34**

Седницата на Собранието ја подготвува и свикува УО.

Седницата на Собранието се свикува и по предлог на 1/5 (една петина) од вкупниот број на членки на МРФ.

Доколку УО на МРФ во рок од 14 (четиринаесет) дена, од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува иницијаторот.

Вонредна Седница на Собранието може да се свика и по предлог на Надзорниот одбор.

**Член 35**

Собранието работи и полноважно одлучува ако се присутни повеќе од 1/2 (една половина) од вкупниот број претставници - делегати.

Собранието Одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните претставници, ако за одредено прашање не е предвидено друго мнозинство.

Изборот на претседател и членови на УО се врши со тајно гласање.
Работата на Собранието се уредува со Деловник за работа.

**Член 36**

Собранието на МРФ на годишна седница ги врши следните работи:

- донесува Статут;
- одлучува за статутарните измени;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и ги објавува на ВЕБ страната;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа во случаите кога користи средства од Буџетот;
- верификува завршна сметка;
- ги разгледува и усвојува извештаите на Управниот и Надзорниот одбор;
- расправа по постигнатите резултати за развој на здруженијата и дава насоки за понатамошен развој;
- на предлог на УО прима или разрешува членки на федерацијата;
- донесува Деловник за работа на Собранието;
- одлучува за промена на целите и задачите на федерацијата;
- донесува одлуки, заклучоци и препораки за решавање прашања што се однесуваат на функционирањето и работата на федерацијата;
- донесува одлука за престанок на работа на федерацијата;
- донесува одлуки за здружување на федерацијата во други облици на здружување во земјата и странство;
- одлучува и за други прашања што ќе бидат ставени во надлежност на федерацијата.

Собранието на МРФ на изборна-конститутивна седница, покрај работите кои ги врши на годишната седница, ги врши и следните работи :

- врши избор на членови на УО;
- врши избор на членови на Надзорниот одбор;
- усвојува Стратегија за работа на МРФ за период од 4 (четири) години;

Собранието на МРФ на вонредна седница одлучува за причините поради кои е свикано истото.

**Управен одбор:**

**Член 37**

Управниот одбор е извршен орган на Македонската риболовна федерација.

**Член 38**

УО на МРФ брои 13 (тринаесет) члена.
УО од своите редови избира Генерален секретар со мандат од 4 (четири) години.

**Член 39**

Управниот одбор ги врши следните работи:

- спроведува статутарни и програмски задачи, одлуки и заклучоци, донесени на седница на Собранието;
- донесува и реализира годишни програми за работа на МРФ;
- предлага измени и дополни на Статутот;

- предлага завршна сметка на МРФ;
- донесува соодветни правилници и склучува спогодби и договори;
- подготвува седници на Собранието и подготвува материјали;
- подготвува годишен извештај за својата работа;
- донесува одлуки за прием на нови членки во МРФ;
- предлага одлуки за здружување на МРФ во други облици на здружување во земјата и странство;
- формира стручна служба, донесува одлука за формирање на комисии и други тела и ја насочува нивната работа;
- организира и учествува во разни акции и манифестации;
- донесува одлуки за награди и признанија;
- донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основни средства;
- донесува одлуки за печатење на стручна литература;
- одлучува за висината на членарините и начинот на кој ќе се врши плаќање;
- утврдува систем на натпревари и донесува општи акти за истите;
- усвојува календар за натпревари и обезбедува услови за негово реализирање;
- донесува одлука за плати на вработените во МРФ, согласно важечките прописи;
- се грижи за облиците на информирање на своите членови и јавното информирање;
- одлучува по жалби и приговори;
- донесува и други одлуки што ќе произлезат од тековното работење;
- врши и други работи во согласност со овој Статут;

**Член 40**

УО за својата работа одговара пред Собранието.

УО се состанува по потреба, а најмалку шест пати во текот на една година.

Седница на УО ги свикува Претседателот, а во негово отсуство Генералниот секретар.

Предлог за свикување на седница на УО може да поднесе секое здружение член на МРФ, членови на УО и Надзорниот одбор.

Начинот на свикување и работа на УО се одредува со Деловник за работа.

Претседателот на УО е должен да свика седница на УО ако со предлог тоа го побара Надзорниот одбор, одделни комиси или најмалку 1/4 (една четвртина) од членовите на УО.

Ако Претседателот не свика седница на УО во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на поднесувањето на барањето, седница на УО може да ја свика овластен претставник од иницијаторите од претходниот став.

**Член 41**

УО може да работи и полноважно да одлучува, доколку на седницата се присутни повеќе од половината членови на УО, а своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од присутниот број членови.

Гласањето на УО е јавно со кревање на рака.

**Член 42**

На член на УО, мандатот може да му престане и пред истекот на времето за кое е избран и тоа ако:

1. даде оставка во писмена форма;
2. биде отповикан.

Член на УО може да биде отповикан доколку:

1. 3 пати едноподруго без оправдани причини отсуствува од седниците на УО;
2. ја попречува работата на УО и не го почитува Деловникот за работа;
3. не е активен и не ги спроведува одлуките и задачите доделени од УО;
4. на барање на здруженија членки на МРФ.

Иницијатива за отповикување, согласно Член 42 став 2 точка 1, 2 и 3, поднесува УО на МРФ.

Иницијатива за отповикување согласно Член 42 став 2 точка 4, поднесува иницијаторот односно свикувачот на вонредното Собрание.

Одлука за отповикување и за избор на друг член на УО донесува Собранието на МРФ.

**Член 43**

Заради извршување на статутарните и програмските задачи на МРФ, УО формира постојани комисии и тоа:

- Натпреварувачка комисија;
- Судиска комисија;
- Комисија за порибување;
- Комисија за заштита на рибниот фонд;
- Комисија за работа со кадети и јуниори;
- Комисија за доделување награди и признанија;
- Комисија за информирање;
- Дисциплинска комисија и
- Правна комисија.

Управниот одбор по потреба формира и времени комисии.

Со одлука за формирање на комисиите се утврдува нивниот состав и задачи кои треба да ги извршат.

Комисиите се помошни тела на УО и одговараат пред УО.

Комисиите работат согласно одредбите утврдени со правилници кој ги донесува УО на МРФ.

**Надзорен одбор:**

**Член 44**

Орган за надзор на МРФ е надзорниот одбор.

Надзорниот одбор врши надзор и контрола на законитото работење на органите и телата, како и материјално-финасиското работење на МРФ.

Изборот и бројот на членови во Надзорниот одбор го врши и утврдува Собранието со посебна Одлука.

Мандатот на членовите трае 4 (четири) години. Надзорниот одбор од своите членови избира Претседател со мандат од 4 (четири) години.

Член на Надзорниот одбор не може да врши функција во друг орган на МРФ.

**Член 45**

Надзорниот одбор има право да врши увид и контрола на законитото работење на органите и телата во смисла на почитување на одредбите од Статутот, програмите за работа и законите со кои се регулира работата на МРФ.

Надзорниот одбор има право да врши увид и контрола на актите и документите кои ги донесуваат телата на МРФ, увид во имотот како и увид во материјално-финансикото работење на МРФ.

Надзорниот одбор при вршење на увид во работата, утврдените забелешки ги доставува до УО.

За отстранување на неправилностите и при констатирање на потешки повреди во материјално-финансиското работење, бара свикување на УО или на Собрание.

Органите на МРФ и стручната служба се должни на Надзорниот одбор да му ја стават на располагање целокупната документацијата.

Надзорниот одбор за својата работа доставува детален извештај и одговара пред Собранието на МРФ.

**Стручни Служби**

**Член 46**

За извршување на административни, стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес и за остварување на целите и задачите на МРФ, се формира стручна служба.

**Член 47**

Правата, обврските и одговорностите на стручната служба се уредуваат со посебен акт што го донесува УО во согласност со Законите.

Активностите и работните задачи на стручната злужба се утврдува со посебен акт одобрен од страна на УО на МРФ согласно со постоечките прописи.

Средствата за работа на стручната служба се одредуваат со финансиски план секоја година.

Со стручната служба раководи Генералниот секретар.

**Член 48**

Стручната служба ги врши административните, техничките, дактилографските, материјално-финансиските и книговодствените работи на МРФ.

Платата и другите лични примања на вработените во стручната служба ги утврдува УО со Одлука, а во зависност од сложеноста на работата и другите услови како и од резултатот на трудот.

**Задачи и обврски на претседателот:**

**Член 49**

Претседателот на УО, покрај работите утврдени со овој Статут и другите општи акти на МРФ , ги врши и следните работи:

- ги закажува и води седниците на УО
- го предлага дневниот ред на седниците
- поведува иницијатива за работа на членовите на УО и ја координира работата помеѓу истите
- организира правилна работа на МРФ во однос на почитување на Законот за здруженија и фондации, Закјонот за спорт, Законот за рибарство и аквакултура и други
- одговорен е за севкупната работа на УО
- одговорен е за работата со финансиските средства на МРФ
- извршува и други задачи и обврски во склад со Статутот на МРФ.

**Задачи и обврски на генералниот секретар:**

**Член 50**

Генералниот секретарот на УО, покрај работите утврдени со овој Статут и другите општи акти на МРФ, ги врши и работите што ќе му ги довери УО.

Генералниот секретар на УО ја организира работата и извршувањето на одлуките, заклучоците и другите акти што ги донесува УО и Собранието на МРФ, и е непосреден раководител на стручната служба на МРФ.

Генералниот секретар за својата работа одговара пред Претседателот и УО на МРФ.

**ПРЕСТАНОК НА МРФ**

**Член 51**

МРФ престанува да работи:

- со Одлука на Собранието донесена со 2/3 (двотретинско) мнозинство од вкупниот број членови на Собранието;
- ако настанат причини утврдени со Законот за здруженија и фондации.

Во случај на престанок имотот им припаѓа на членките на МРФ, и тоа во сооднос со кој учествуваат во формирање на МРФ.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДБРЕДБИ**

**Член 52**

Македонска Риболовна Федерација е правен наследник на Македонска Риболовна Федерација која постоеше и работеше согласно уписот во регистерот под Рег. бр. 0807-9/14719/1.

**Член 53**

Автентично толкување на овој Статут дава УО.

**Член 54**

Предлогот Статут изработува УО, а го усвојува Собранието.

Измена и дополнување на овој Статут се врши по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 55**

Органите и телата на МРФ продолжуваат со својата функција и по истекот на времето на кое се избрани додека не се изберат нови.

**Член 56**

Со донесување на овој Статут престанува да важи Статутот на МРФ донесен на седницата одржана на 16.04.2011 година.

**Член 57**

Овој Статут влегува во сила со денот на уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија, по што ќе се објави и на ВЕБ страната на МРФ.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МРФ
Филип Серафимовиќ